До Народна банка на Република Македонија

**БАРАЊЕ**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 101/19"), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

(опис на информацијата која се бара)

Како овластен носител на статистичка дејност според Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/1997, 21/2007, 51/2011, 104/2013 , 42/2014, 192/2015, 27/16, 83/18, 220/18, 31/20) ве молиме:

1. наведете листа на варијабли за кои прибирате, обработувате и дисеминирате податоци разделени по пол; *(* појаснување: НЕ ни се потребни податоци за вработените во вашата институција - колку мажи колку жени се вработени, туку ни требаат податоци за демографските, социјалните или економските статистики кои можеби ги прибирате, а се разделени по пол)*

2. ако податоците од листата под барање број 1 се објавени, ве молиме наведете каде може да се најдат (последно достапен датум на објавување);

3. ако податоците од листата под барање број 1 НЕ се објавени, и ако НЕ подлежат на заштита како доверливи податоци, ве молам доставете ни ги, во xlsx или друг достапен формат како база на податоци (последно достапен датум на ажурирање).

Форма во која се бара информацијата:
а) електронски запис
б) по пошта

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) е-маил
б) по пошта

Барател на информацијата:

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје　　　　　　　　　　　　　　　　Датум 11.11.2021 - година

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), на 23 ноември 2021 година, секретарот на банката, како службено лице за посредување со информации од јавен карактер, донесе

## **Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено до Народната банка на Република Северна Македонија преку електронска пошта на 11.11.2021 година, од страна на [redacted], **СЕ ОДОБРУВА.**

Во врска со вашето Барање да наведеме листа на варијабли за кои прибираме, обработуваме и дисеминираме податоци разделени по пол, ве известуваме дека Народната банка во моментов поседува единствено податоци за половата структура на кредитокорисниците во Република Северна Македонија кои ги добива врз основа на податоците од Кредитниот регистар. Народна банка не ги објавува овие податоци, но ги доставува до ММФ за целите на ФАС прашалникот, а се објавени на порталот на ММФ на следниов линк https://data.imf.org/?sk=E5DCAB7E-A5CA-4892-A6EA-598B5463A34C&sId=1390030341854.

Иако овие податоци не се објавуваат од страна на Народната банка, имајќи предвид дека истите не претставуваат класифицирани податоци, ниту имаат одредена ознака за доверливост, во прилог ви ги доставуваме податоците за полова структура за: број на кредитокорисници, број на договори за кредит и износ на кредити со состојба на крајот на годината во ексел табела.

Воедно би сакале да ве известиме дека Народната банка во текот на 2021 година, донесе нови подзаконски акти во сферата на платежната статистика, согласно кои е предвидено да се прибираат годишни податоци, меѓу другото, и од аспект на родовата структура. Имено, давателите на платежните услуги ќе имаат обврска да известуваат за бројот на трансакциски сметки и за корисниците на персонални сметачи и мобилни телефони за иницирање електронски плаќања, како и за нивната активност во текот на календарската година, разделени според пол. Првите податоци кои ги прибравме неодамна се однесуваат на 2020 година и истите се во фаза на контрола, а по нивната целосна обработка, ќе бидат објавени во агрегирана форма со почитување на начелото на доверливост.

Овие податоци се очекува да бидат објавени на крајот на 2021 година на интернет страницата на Народната банка, во делот за Платни системи каде се објавуваат и

**Народна банка на Република Северна Македонија**
бул. „Кузман Јосифовски Питу" бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-549
Е-пошта: AndreevskaM@nrrm.mk
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3121-262
**www.nbrm.mk**

останатите податоци од доменот на платежната статистика кои се од јавен карактер, на следниот линк: https://www.nbrm.mk/platiezhna_statistika.nspx .

**Образложение**

На 11 ноември 2021 година, од страна на , до Народната банка е доставено барање за пристап до информации од јавен карактер по електронски пат. Со барањето, барателот бара листа на варијабли за кои Народната банка прибира, обработува и дисеминира податоци разделени по пол.

Народната банка во моментов располага единствено со податоци за половата структура на кредитокорисниците врз основа на податоците кои се содржани во Кредитниот регистар.

Воедно го известуваме Барателот дека во моментов не располагаме со друг вид на податоци разделени по пол. Сепак, упатуваме дека до крајот на 2021 година на интернет страницата на Народната банка би биле расположливи и податоци за родовата структура на бројот на трансакциски сметки, како и за бројот на корисници на персонални сметачи и мобилни телефони за иницирање електронски плаќања, и нивната активност во текот на календарска година, кои за прв пат се прибрани во текот на 2021 година и се уште се обработуваат.

Останатите статистички податоци кои ги прибира, обработува и објавува Народната банка не содржат информации за пол.

Поради горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Бр. 02-34211/1
25 ноември 2021 година

Секретар на банката
м-р Маја Андреевска

**Правна поука:** Незадоволниот учесник има право на жалба во рок од 15 дена од приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Копија до:
- Дирекција за правни работи;